# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Четвртото продолжение на 68-та седница на
## Собранието на Република Македонија,
## одржана на 28 февруари 2001 година

Седницата се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и на неја претседаваше г. Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по 68-та седница на Собранието на Република Македонија.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата. (По пребројувањето од страна на службите).

Во салата присуствуваат 63 пратеници.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието, и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Пратениците Илинка Митрева, Љупчо Анушев, Јордан Бошков, Чедомир Краљевски, Ѓулистана Марковска, Митко Киров и Васил Ефтимов, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Информацијата за констатациите и сознанијата на Комисијата за надзор над работата над Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање, во врска со масовното прислушување на разговори на носители на јавни функции, новинари и граѓани на Република Македонија од страна на државни органи.

Имало реплики најавени вчера, меѓутоа, овде на екранот нема кој се јавил за реплика, не можат да ми ги дадат.

Ќе минеме после на тоа. Не го знам редот, затоа.

За збор се јави г. Љубчо Георгиевски, претседател на Владата.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе на Парламентот, почитувани пратеници, пред да поминам на она за што се јавувам дозволете ми да ја поздравам одлуката на СДСМ, која беше изнесена преку нивниот лидер г. Бранко Црвенковски дека тие конечно се решиле да го признаат претседателот на Република Македонија, г. Борис Трајковски, што сметам дека е еден исклучителен добар чин за нашата демократија, со што се става крај на една приказна која повеќе од година и половина ја заморуваше македонската јавност.

Сега да преминам на она што е практично мојата намера за денешната дискусија.

Почитувани пратеници, во последните месеци, нешто повеќе од месец дена, македонската јавност доста сериозно се занимава со проблемот прислушкување, кој беше изнесен од страна на еден претставник на СДСМ, тоа е г. Бранко Црвенковски, и цело време тој практично е главниот гласноговорник на тој случај, при што и победата, меѓутоа и поразот се сконцентрирани во оној што ја носи таа афера.

ВМРО-ДПМНЕ како дел од владеачката коалиција, меѓутоа и целата Влада, ја прифати тактиката на политичка игра да не кажам, во која основните принципи ги постави минатиот пат. Не сакаме викање, не сакаме галамење, не сакаме надвикување кој е посилен во неговите пропагандни активности, туку постојано го повторувавме зборот сакаме правна формална завршница на случајот, со максимална отвореност и на органите на извршната власт, конкретно Министерството за внатрешни работи, Министерството за идбрана и Агенцијата за разузнавање, меѓутоа, ако има потреба и некои други институции или органи на нашата Влада. Меѓутоа, во исто време и постојано потенциравме дека сме подготвени на се она што го бара од нас опозицијата да го дозволиме, со цел што поскоро да се расчисти случајот. И денес ќе го повторам тоа дека ние и понатаму остануваме цврсто на нашата теза и на нашата позиција дека овој случај мора да се расчисти правно-формално според процедурите и институциите во нашата држава.

Меѓутоа, моето денешно доаѓање до говорницата е да дадам предлог како да го забрзаме целиот тој процес и навистина да го расчистиме што поскоро, затоа што навистина сметаме дека вчерашниот говор на гласноговорникот на СДСМ за овој проблем, аферата прислушкување, вчера даде едни нови моменти кои моменти морам да ви кажам, како и секој момент секогаш претходно кога беа давани разни листови во јавноста, прво не вознемири, потоа ни даде дополнителна задача за работа, одговорности, информации, собирање на

одговори за да можеме да одговориме на нападите што се случуваат. Меѓутоа, навистина сметам дека вчерашниот настап на г. Црвенковски претставува посебен преседан и посебен пресврт за нас во аферата прислушкување, не од аспект на тоа што се мафта овде и ленти и нови листови, туку од аспект што сметаме дека одредени луѓе во опозицијата очигледно самите себеси се соголуваат до крај и ако сакаат тие да се соголат до крај, ние не можеме ништо друго да направиме, освен да им помогнеме да го направат тоа. Зошто го велам тоа?

Затоа што вчерашниот ден сите знаеме дека беше, заедно со завчерашниот една голема борба на сите државни органи, а јас верувам и на сите одговорни политичари во оваа држава за добивање на меѓународна политичка поддршка која е потребна на Владата на Република Македонија, меѓутоа, и на сите државни структури во решавање на случајот со инцидентот на нашата граница, каде што треба да победи дипломатијата и политиката а не силата.

Во моментот кога ги добиваме најголемите поддршки, а јас можам само да ве потсетам, погледнете ги сите информации кои доаѓаат од целиот свет ќе видите дека не во поглед на моралната, не во поглед на финансиската поддршка, туку ќе видите дека во безбедносен правец Република Македонија немала толку јавни поддршки на интегритетот и суверенитетот како во вчерашниот ден, дури и понуди за конкретна помош на она што никој не сака да дојде, а тоа е да се расчистува ситуацијата со несакан инцидент.

Во еден таков момент г. Црвенковски како лидер на главната опозициона партија излегува во македонскиот Парламент со обвинување како оваа Влада ги прислушкувала странските амбасади во Република Македонија и разни дипломати од тие амбасади. Мислам дека пораката е многу јасна, тие што вие сакате да ги помогнете еве ве прислушкуваат и создаваат атмосфера околу вас која сигурно не сакате да ја видите.

Јас прво сметам дека оваа информација до странските дипломати е првопласирана во многу погрешно време, затоа што ако г. Црвенковски ги поседувал овие документи порано за прислушкување на странските амбасади или дипломати во тие амбасади, останува до ден денес неодговорено прашањето зошто тој тоа не го направи тогаш кога тие дипломати даваа лична поддршка на оваа Влада. Да, останува тоа прашање. Зошто кога ние добивавме лична и морална поддршка од тие исти дипломати не беше објавена оваа афера, туку сега кога тие дипломати даваат поддршка не лично на Владата, туку на Република Македонија, затоа што вчерашниот ден не беше поддршка на меѓународната дипломатија на Владата или на некој министер во таа Влада, туку беше поддршка на Република Македонија, без име и презиме на личности туку единствено како политика.

Значи, обидот да се направи разочарување на меѓународната дипломатија во политиката на оваа Влада, доаѓа во еден момент кој можам да кажам дека навистина ние во овие 10 години имавме многу критични моменти, меѓутоа, еве би го вброил во една од трите најризични ситуации што ги имавме во овие 10 години од осамостојувањето на Република Македонија.

Меѓутоа, да одиме понатаму со овој случај.

Господинот Црвенковски овде излезе со нови моменти. Колку што се сеќавам, тој спомна предмет "Осило", спомна прислушкување на американскиот амбасадор, спомна прислушкување на француски амбасадор, спомна прислушкување на италијански амбасадор, и го спомна со поседување на касета на прислушкување на уредник на албанската редакција во весникот "Факти" ако не се лажам, предмет под шифра "Железничар", што мене навистина ме тера јавно тука пред сите вас како парламентарци едноставно да му честитам на г. Црвенковски и навистина немам други зборови.

Навистина е така, дами и господа пратеници, очигледно дека г. Црвенковски има пристап, отворен пристап во секое време до институциите на Република Македонија каде сака, колку сака и што сака и навистина треба да му честитаме. Друга работа е дали македонската јавност смета дека тоа е добро или не е добро, меѓутоа, факт е дека администрацијата за која сите ние толку се бориме и знаеме многупати да жалиме и плачеме, во еден мал дел од таа администрација, до ден денес не можеше да сфати една работа дека таа не е лојална на луѓе и на партии, туку е лојална на системи и на држава.

Зошто тоа го велам?

Почитувани пратеници, затоа што за прв пат откако е отворена оваа дискусија, овде пред вас ќе кажам дека според

разговорите што ги имавме, што ги имав јас лично вечерта со одредени структури во Министерството за внатрешни работи ме прават одговорен овде пред Парламентот да кажам дека очигледно дека одредени институции на Владата конкретно во Министерството за внатрешни работи за овие пет или шест синоќа спомнати овде нови досиеја, има делумна одговорност. Велам делумна затоа што целосната ќе биде во моментот кога правно формално ќе се докаже дека тоа е така, а за таа цел почитувани пратеници јас го предлагам следното.

Со оглед на фактот дека постојано овде кружеше некоја приказна дека постојат сведоци, меѓутоа, Владата не дава тие сведоци да излезат, малку пред завршувањето на дискусијата за Парламентот на оваа тема, затоа што ова беше оставено за крај на дискусијата, меѓутоа, вчерашната дискусија на г. Црвенковски ме принуди малку побрзо да излезам со предлогот, во името на Владата на Република Македонија и со поддршка на министерот за внатрешни работи г-ѓа Доста Димовска, барам од претседателот на Република Македонија да даде на невидено аболиција на крунските сведоци во аферата прислушкување за сите пет, шест или седум случаи кои г. Црвенковски синоќа овде ги даде пред македонската јавност.

Сметам дека од овој чин на искреност на Владата на Република Македонија да се расчисти случајот до крај не можете да наидете повеќе и не само тоа, јас сум подготвен да прифатам се што г. Црвенковски и СДСМ бара заедно, во дополна со пакет мерки, за што поскоро расчистување на овој случај. Значи да побараме сите заеднички од претседателот на Република Македонија на невидено да даде аболиција на крунските сведоци, нормално, тие крунски сведоци да не бидат од типот на Слободан Богоевски, туку да имаат минимум некој доказ или трага во кој правец да одиме. И не само еден.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (продолжение)

Јас би сакал сите кои учествувале, доколку изразат желба во овие афери кои вие синоќа ги спомнавте, сите што учествувале, сите што потпишувале на еден или на друг начин овде да им дадеме аболиција и да ги видиме пред македонската јавност. Мислам дека од оваа поголема искреност не можете да имате. Заедно со тоа г-дине Црвенковски ве повикувам под итно денеска до Јавниот обвинител и до судските органи да ги доставите новите докази и сите заеднички, не знам која форма на притисок да извршиме врз судот, дали Декларација од Парламентот или пет министри да појдеме до судиите на Врховниот суд, да бараме овој процес по најажурна процедура, да не го употребам зборот итна, темелна процедура целиот случај да се заврши. Едноставно ако треба нека се остават 100 други случаи во Македонија, меѓутоа, со концентрација на македонското правосудство да го затвориме овој случај и едноставно кажете што друго барате, кажете што друго барате јас сум подготвен што барате вие во тие заклучоци, во таа насока да дојдеме до крајот на целата ситуација да го истераме овој случај затоа што навистина сметам дека РМ треба да престане да биде заложник на СДСМ и посебно на г-динот Црвенковски, човек кој несомнено шест години беше премиер на оваа држава, човек кој очигледно низ сите структури имал ставено свои структури и јас со задоволство сакам да ги видам крунските сведоци. Но, истото тоа, ако сакате веднаш кажете ја заштитната мерка на крунските сведоци, недај боже на некој ништо да не му се случи, кажете полиција, заштита на куќи, специјални одреди кои ќе ги чуваат крунските сведоци затоа што навистина не сакаме, верувајте, никому ништо да му се случи, напротив, сакаме да ги видиме луѓето.

Само уште ќе дополнам во целата оваа ситуација дека случаевите кои беа спомнати синоќа, реков дека веќе преземаме деловна одговорност правната, формалната ситуација верувам дека ќе заврши многу бргу во Македонскиот парламент, меѓутоа, и во другите органи во нашата држава само додека не се расчисти целата ситуација, ќе напомнам неколку елементи за да не се плетат нов вид информации.

Случајот "железничар" за кој и на претходната Комисија се зборуваше исто така предлагам Комисијата за државна безбедност уште денеска да се свика и таму да се понудат новите докази за да можат формално правно да ја истераат работата. Значи, додека не се расчисти правно-формално работата до крај, само за да нема дополнителни дезинформации ќе спомнам неколку работи, значи случајот "железничар" се работи за новинар во весникот ФАКТИ. Сите други случаеви заедно со случајот "железничар" кои се спомнати во таа делумна одговорност се во времето на сменетиот министер г-динот Павле Трајанов, тоа е само за да го заштитам актуелниот министер за внатрешни работи, меѓутоа, одиме

понатаму, бидејќи се работи за, како што беше кажано, прислушување на дипломати дали г-дине Црвенковски се согласувате да донесеме уште еден заклучок од 1993 година до 2000-та година да направиме комплетна информација кои амбасади, кои амбасадори и кои дипломати се прислушувани и работени од македонските служби. Бидејќи вашата игра е комплетно уништување на националниот столб за безбедност на РМ, јас одговорно ви тврдам дека ја прифаќам вашата игра, ќе го растуриме безбедносниот систем на РМ со заклучоци кои СДСМ овде ќе ни ги издиктира. Дали го прифаќате ова? Јас прифатив она што можев се од наша страна, ви го нудам тоа на тацна, а од вас барам пред македонската јавност, пред македонскиот Парламент да дадеме отворена информација нека ја слуша и целиот македонски Парламент и целата меѓународна јавност како работеле службите за државна безбедност, сигурност, една друга од 1993 година наваму. Ако се разголуваме пред меѓународната јавност, да се разголиме до крај, да ги срушиме безбедносните системи на РМ и да кажаме браво г-динот Црвенковски ни докажа на сите дека во секое време, во секоја институција може да си земе каков сака документ. Јас мислам дека овој пакет мора да оди заеднички и на крајот ќе потенцирам само уште еден пример односно последниот пример предметот "осило" кој беше спомнат синоќа од г-динот Црвенковски каде што постои, пак ќе кажам, делумна одговорност на актуелната министерка г-ѓа Димовска, дали г-дине Црвенковски се согласувате исто така во заклучокот кој ќе биде од оваа седница не само овие листови што ги покажавте ми се чини еден или два за предметот "осило", туку да ја дадеме целосната информација за предметот "осило". Повторно пред целата македонска јавност нека слуша цела Македонија, нека слуша целата меѓународна јавност, ќе расправаме за предметот "осило" најконкретно со сите аргументи, со сите факти.

Г-дине Црвенковски во едно ве убедувам дека во овие случаи МВР и министерот работеле и покрај тоа, јас можам да кажам дека Владата немала информација во рамките на својот делокруг, а предметот "осило" посебно го потенцирам, сакам да го истераме до крај затоа што тој предмет ќе ве демистифицира лично вас, не во смисла дека вие сте биле предмет на обработка, туку во смисла дека во вашата идеја да ја срушите оваа власт немате ниту морален кредибилитет, ниту политички континуитет на идеологијата ниту имате некакво чувство за одговорност, за националната сигурност и безбедност на нашата држава.

Токму заради тоа почитувани пратеници, јас предлагам овие мои заклучоци да ги прифатите, меѓутоа, и со овие дополнувања. Рековме ако сакаме безбедноста на оваа држава да ја рушиме до крај, тогаш да ја срушиме сите заеднички. Парцијалните пет-шест синоќешни предмети спомнати овде сите ги ставаме со сите достапни информации, неколку пати кажав што на СДСМ друго му треба за да ги заштити крунските сведоци, за да ги извади другите материјали и документи и едноставно дајте оваа работа да ја завршиме и да знаеме каде сме и со нашата лична одговорност како политичари, меѓутоа, и со нашата политичка одговорност, а би кажал и со нашата етичка одговорност спрема оваа држава, посебно на луѓето кои управувале со оваа држава и кои ја воделе оваа држава.

Ние како Влада од вчерашниот говор на г-динот Црвенковски навистина тоа го бараме од сите вас. Ние како Влада ви стоиме на располагање.

Ви благодарам.

(Дискусијата на премиерот беше проследена со аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-ѓица Шеќеринска процедурално.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Г-дине претседателе во име на пратеничката група на СДСМ барам пауза од 1 час за да се завршат стенограмите од овој говор на премиерот за да ни бидат поделени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам службите да го подготват стенограмот од излагањето на претседателот на Владата г-динот Љубчо Георгиевски.

Давам пауза од еден час.

(Седницата прекина со работа во 13,40 часот).

(Пауза од 13,40 до 15,10 часот).

(По паузата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата има вкупно 79 пратеници. Можеме да продолжиме.

Има збор координаторот на Пратеничката група на СДСМ Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, пратеничката група на СДСМ ја искористи паузата да се проучи што всушност беше изнесено од страна на премиерот во своето излагање по повод точката на дневен ред.

Дозволете ми многу кратко да го констатирам следното:

Дека премиерот практично во својот настап пред Собранието на РМ потврди и призна дека прислушување во РМ имало, дека тоа се вршело во рамките на институциите на Владата чиј премиер е и конкретно лоцирано во МВР.

Потврди дека за тоа имало писмени налози дадени од политичари на оваа држава односно дека за тоа очигледно и Владата на чие чело е тој или ако не Владата, тогаш тој лично и министерот за внатрешни работи биле информирани и запознати и веројатно учествувале во процесот на создавање на такви налози.

Тоа е секако антиуставен чин и тоа е кривично дело казниво и пропишано со Кривичниот закон на РМ.

Констатираме дека врз основа на ваквото признание во РМ е прегазена демократијата, меѓутоа, што е уште побитно, поништен е Уставот и законите на РМ. Особено имајќи ја во предвид политичката димензија која е битна за ова Собрание, покрај ова, дека се злоупотребени институциите на државата особено безбедносните институции во МВР за политички цели на владеачките партии.

По ова премиерот изјави дека Владата чувствува делумна одговорност. Пратеничката група на СДСМ смета дека во ваков случај не може да стане збор за делумна одговорност, туку станува збор за целосна одговорност на Владата на чие чело се наоѓа г-динот Георгиевски и затоа јавно се прашуваме што всушност треба да направи оваа Влада после сите овие настани за да и самата има доблест да признае дека чувствува целосна и директна политичка одговорност за прислушувањето во РМ со ваков обем и со ваков квалитет..

Врз основа на ова г-дине претседателе, почитувани пратеници, дами и г-да пратеничката група на СДСМ смета дека се создадени услови премиерот на РМ веднаш да поднесе неотповиклива оставка на својата функција и со тоа, согласно Уставот, Владата на РМ да се најде веднаш во оставка и да се примена уставната процедура која следува после таквиот чин затоа што одговорноста кршењето демократија и создавањето кривични дела кои би останале во ваква Влада со ваков премиер кој лично и јавно тоа го призна, мислиме дека понатаму не само што ќе штети на Македонија, туку директно ќе ја загрозува како држава. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Климовски процедурално.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани дами и г-да пратеници, по излагањето на г-динот Црвенковски вчера со изнесувањето на аргументи кои немаа само правни апликации, туку се и со доста широки политички елементи што мислам дека во многу ја усложнуваат политичката состојба во државата и после тоа излагањето на премиерот каде што за прв пат слушнавме дека постои подготвеност за целосно расчистување на овој случај и не само расчистување на политичките аспекти, туку и расчистување и од аспект, како што тој овде истакнува, подготвеноста на Владата да ги расчисти сите формално правни аспекти според процедурите и институциите во нашата држава.

Ова за прв пат ние го слушаме овде, но со оглед на фактот дека правото и процедурите претставуваат еден концентриран израз на политиката најконцентриран израз на политиката, а целта оваа афера околу прислушувањето има неверојатно политички последици врз стабилноста во РМ, јас би му предложил на претседателот на Собранието во името на Пратеничката група на ДА денеска да се прекине седницата, да извршиме консултации во рамките на нашите политички партии, утре претпладне да ги свика координаторите на пратеничките групи да изградат став и утре околу пладне или попладне како ќе мисли претседателот дека е добро, да излеземе овде и во една посмирена атмосфера, затоа што јас навистина сум во една ваква ситуација не можам сите работи да ги ставам во еден склоп, има и за и против на едната и на другата страна, да можеме во една посмирена атмосфера да донесеме заклучоци кои, се разбира, ќе водат кон една, на општо задоволство, разрешница на целата ситуација.

Тоа е мој предлог. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, ја прекинувам седницата, ќе продолжиме со координација утре.

(Негодување од страна на пратениците).

Пратеничка група бара, како мислите само вашата група, не може така.

(Седницата прекина во 15,20 часот).